Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јануари 2003 година.

Бр. 07-289/1
23 јануари 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА

Член 1

Во Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" број 42/2001), во членот 7 став 1 зборот "девет" се заменува со зборот "шест".

Член 2

Во членот 8 став 2, бројот "14" се заменува со бројот "10".

Член 3

Во членот 10 ставот 1 се менува и гласи:

"Регрутот кој сака да служи воен рок согласно со членот 8 од овој закон, поднесува писмено барање до Министерството за одбрана, до денот на приемот на поканата за упатување на отслужување на воениот рок, во кое ги наведува причините и начинот на кој сака да го служи воениот рок."

Во ставот 2 бројот "60" се заменува со бројот "30".

Член 4

Во членот 19 точка 14 алинеја 2, по зборот "заштита" се додаваат зборовите: "на Републиката".

Член 5

Во членот 20 став 1 точката 30 се менува и гласи:

"30) ги организира и подготвува силите на цивилната заштита формирани од Републиката;"

Член 6

Во членот 71 став 2 зборот “девет“ се заменува со зборот “шест“.

Член 7

Во членот 73 став 1 по точката 6 се додава нова точка 7, која гласи:

“7) се самоодалечил од единицата повеќе од два месеци.“

Во ставот 2 бројот “4,5“ се заменува со бројот “3“.

Член 8

По членот 80 се додава нов член 80-а, кој гласи:

“Член 80-а

Војник кој во текот на служењето на воениот рок во Армијата со оружје, од верски или морални убедувања сака да продолжи да го служи воениот рок во Армијата без оружје или во цивилна служба, поднесува писмено барање до комисијата од членот 10 на овој закон, во кое ги наведува причините и начинот на кој сака да го дослужи воениот рок.

Решение по барањето на војникот од ставот 1 на овој член, комисијата донесува во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

Против решението на комисијата од ставот 2 на овој член, војникот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до второстепената комисија на Владата.

На војник на кој му е одобрено дослужување на воениот рок во Армијата без оружје или во цивилна служба, во служење на воен рок во времетраење утврдено со членот 8 став 2 на овој закон му се смета и времето што тој го поминал на служење на воен рок во Армијата со оружје.“

Член 9

По членот 87 се додава нов член 87-а, кој гласи:

“Член 87-а

Воен обврзник во резервниот состав на Армијата кој од верски или морални убедувања сака да служи во резервниот состав на Армијата без оружје, поднесува писмено барање до комисијата од членот 10 на овој закон, во кое ги наведува причините поради кои не сака да служи во резервниот состав на Армијата со оружје.

Решение по барањето на воениот обврзник од ставот 1 на овој член, комисијата донесува во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

Против решението на комисијата од ставот 2 на овој член, воениот обврзник може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до второстепената комисија на Владата.

Воениот обврзник на кој му е одобрено служење во резервниот состав на Армијата без оружје, обврската за служење во резервниот состав ја извршува во силите на цивилната заштита или во единици и установи на Армијата, на должности кои не се поврзани со носење и употреба на оружје.

По исклучок од ставот 1 на овој член, воен обврзник во резервниот состав кој служел воен рок во Армијата без оружје или во цивилна служба, обврската за служење во резервниот состав ја извршува во силите на цивилната заштита или во единици и установи на Армијата на должности кои не се поврзани со носење и употреба на оружје, без поднесување на писмено барање.“

Член 10

Во членот 125 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

“Поблиски прописи за личниот и материјалниот состав на единиците и штабовите на цивилната заштита ги донесува Владата.“

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

Член 11

По членот 126 се додаваат два нови члена 126-а и 126-б, кои гласат:

“Член 126-а

Припадниците на силите на цивилната заштита носат униформа.

На униформата припадниците на силите на цивилната заштита носат знак за припадност на цивилната заштита и ознаки на нивните должности и специјалностите.

Знакот за припадност на силите на цивилната заштита е меѓународниот знак на цивилната заштита.

Поблиски прописи за униформата и ознаките на должностите и специјалностите на припадниците на силите на цивилната заштита, како и начинот за нивното носење ги донесува Владата.

Член 126-б

На припадниците на силите на цивилната заштита може да им се доделат плакети, значки и други признанија за постигнат исклучителен успех во цивилната заштита.

Поблиски прописи за доделување на плакети, значки и други признанија донесува Владата.“

Член 12

Во членот 150 став 2 зборовите: “стопанството на“ се бришат.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Регрутите упатени на служење на воен рок во Армијата со оружје или без оружје, односно во цивилна служба во месец јануари 2003 година, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон се наоѓаат на служење на воениот рок, го служат воениот рок во траење од шест, односно од десет месеци.

На регрутите упатени на служење на воен рок во Армијата со оружје или без оружје, односно во цивилна служба во месец јули и месец октомври 2002 година, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон се наоѓаат на служење на воениот рок, воениот рок им се скратува за 30 дена.

Член 14

Војниците на кои им е прекинато служењето на воениот рок, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон отслужиле пет или повеќе месеци воен рок се преведуваат во резервниот состав на Армијата.

Војниците на кои им е прекинато служењето на воениот рок, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон отслужиле помалку од пет месеци воен рок, се упатуваат на дослужување на преостанатиот дел од воениот рок до шест, односно до десет месеци.

Член 15

Војниците кои се самоодалечиле од единиците на Армијата, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон отслужиле шест или повеќе месеци воен рок, се преведуваат во резервниот состав на Армијата.

Војниците кои се самоодалечиле од единиците на Армијата, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон отслужиле помалку од шест месеци воен рок, се упатуваат на дослужување на преостанатиот дел од воениот рок до шест, односно до десет месеци.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".